# Мултикултурен проект во знак на одбележување на 18 април, Светскиот ден на спомениците и локалитетите



ООУ „Лазо Трповски“ важи за училиште кое посветува големо внимание на мултикултурното и интеркултурното образование. Успешноста на претходните мултикултурни активности, не поттикна како училиште да иницираме уште еден проект во знак на одбележување на Денот на светското културно наследство 18 април. Целта на овој проект е преку едукација на учениците да се негува љубовта кон материјалното и нематеријалното културното наследство на различни етникуми во Македонија, но исто така да се негуваат и почитуваат различните културни обичаи и традиции, при што кај помладите генерации ќе се поттикне зачувување на етно-културниот идентитет.

Во овој проект се вклучени професори - координатори и четириесетина ученици од основните училишта: ООУ „Лазо Трповски“, ООУ „Лирија“, ООУ „Тефејјуз“, ООУ „26 Јули“, од Скопје.








Во рамки на проектот на 17.03.2021 година се одржа едукативна работилница на која м-р Василка Димитровска одржа предавање и преку визуелна презентација им беше објаснет обичајот „Мартинки“, нематеријално културно наследство впишано во УНЕСКО, чијшто носител за Македонија е невладината организација ХАЕМУС.

Предавањето се одржа онлајн, со четириесетина ученици на интересен и инспиративен начин се пренесе симболиката на мартинките, со цел да се зачува традицијата, да се свртиме кон минатото за да имаме подобра иднина. Учениците беа максимално анимирани и добија мотивација да ја истакнат својата креативност во следните активности.









Изразувам големо благодарам за м-р Василка Димитровска, директор на ХАЕМУС која ни даде голема поддршка за реализација на дел од овој проект.

Голема благодарност упатуваме кон сите ученици и нивните ментори: Кузман Маркоски (ООУ „Лазо Трповски"), Сања Трајковска (ООУ „Лазо Трповски"), Сунај Капач (ООУ „Тефејјуз"), Блерим Јакупи (ООУ „Лирија"), Таска Велковска Тасковска (ООУ „26 Јули"), за нивната максимална

посветеност и ангажираност во проектот, со цел подигнување на свеста кај младите дека културното наследство е симбол на мултикултурализмот.




Автор и координатор на проектот
д-р Милица Патраклиева
Професор по географија
ООУ „Лазо Трповски“